**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-10/3**
**Скопје,20.01.2025 година.**

Записник од четиринаесетта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 20.01.2025 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Ардиан Демири член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа м-р Кети Петкова член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што беа исполнети условите за одржување на четиринаесетата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори четиринаесетата седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред:

**Дневен ред**

1. Усвојување на записниците од 11-та, 12-та и 13-та седница на Советот,
2. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија,
3. Донесување на одлука за Годишен распоред за работа на членовите на Советот,
4. Разно.

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката еден од дневниот ред, од страна на членовите на Советот едногласно беа усвоени записниците од 11-та, 12-та и 13-та седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот дека на ден 21.01.2025 година, јавниот обвинител во ОЈО Скопје г-дин Јован Серафимовски со навршување на 64 години ги исполнува условите за старосна пензија. Воедно кажа дека Советот треба да донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител.

Од страна на членовите на Советот беше констатиран престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија за јавниот обвинител во ОЈО Скопје г-дин Јован Серафимовски.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за престанок на функција јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје за јавниот обвинител Јован Серафимовски поради исполнување на услови за старосна пензија со навршување на 64 години, заклучно со 21.01.2025 година.**

Под точка три од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот треба да донесе одлука за распоред за работа на членовите на Советот на јавните обвинители на РСМ, и воедно даде предлог по однос на распоредот за работа.

За подрачјето на ВЈО Битола за координатори предложи да бидат членовите Зорица Павловиќ и Ардиан Демири,

За подрачјето на ВЈО Гостивар за координатори предложи да бидат Кети Петкова и Башким Бесими,

За подрачјето на ВЈО Скопје за координатори предложи да бидат Јелена Догазанска Колева, Светлана Стојковиќ и Марјана Илиеска.

За подрачјето на ВЈО Штип за координатори предложи да биде Ермон Незири.

Откако претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го даде предлогот за распоред за работа на членовите на Советот отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Ардиан Демири кој ги поздрави присутните и воедно кажа дека нема забелешка на предлогот на распоредот за работа на членовите на Советот, но укажа дека како адвокат има работено во Струга, а тоа подрачје е под ВЈО Битола, смета дека од тие причини би било подобро да биде координатор на друго подрачје од причина да нема судир на интереси.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски се согласи со мислењето на членот на Советот г-дин Ардиан Демири и кажа дека до сега член кој доаѓал од подрачје каде што претходно има работено не бил координатор за тоа подрачје и воедно предложи да се направи измена за подрачјето на ВЈО Битола и биде предложен друг член на Советот.

Г-ѓа Кети Петкова смета дека не би имало никаква пречка да членот на Советот биде предложен за координатор на некое друго подрачје.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предложи за координатор на ВЈО Битола остане членот Зорица Павловиќ, а г-дин Ардиан Демири со г-дин Ермон Незири бидат координатори за ВЈО Штип.

Г-дин Ермон Незири кажа дека со оглед на обемот на работа за ВЈО Штип доволен е еден координатор и нема потреба од двајца.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека не гледа пречка во тоа да се биде координатор на подрачје од каде што се доаѓа. Истакна дека членови на Советот работат на сите апелациони подрачја и дека неби имало никакви пречки во поглед на објективноста и пристрасноста.

Г-ѓа Јелена Догазанска Колева истакна доколку колегата сака да биде координатор на друго подрачје од причини кои веќе ги има истакнато смета дека Советот треба да донесе таква одлука и членот на Советот биде ставен за координатор за друго подрачје.

Г-ѓа Зорица Павловиќ истакна дека не би требало да се има никакво сомневање во работата на членовите на Советот ниту некаква пристрасност при одлучување и носење на одлуки.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска предложи членот на Советот г-дин Ардиан Демири да биде координатор за подрачјето на ВЈО Скопје, а членот на Советот г-ѓа Јелена Догазанска Колева биде координатор за подрачјето на ВЈО Битола.

Вака предложениот распоред за работа на членовите на Советот едногласно беше прифатен и усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за назначување на координатори во секое од четирите подрачја на вишите јавни обвинителства во РСМ кои ќе ја координираат работата на истите и тоа:**

**За подрачјето на ВЈО Битола како координатори ќе постапуваат членовите Зорица Павловиќ и Јелена Догазанска Колева,**

**За подрачјето на ВЈО Гостивар како координатори ќе постапуваат членовите Кети Петкова и Башким Бесими,**

**За подрачјето на ВЈО Скопје како координатори ќе постапуваат членовите Светлана Стојковиќ , Марјана Илиеска и Ардијан Демири**

**За подрачјето на ВЈО Штип за координатор ќе постапува членот Ермон Незири.**

Под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со поднесокот – барање за престанок на функција јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија доставен до Советот од страна на јавниот обвинител во ОЈО Скопје г-дин Расим Дреца. Воедно кажа дека во дописот јавниот обвинител бара иако нема навршено 64 години, согласно членот 19 од Законот за ПИОМ смета дека го исполнува условот за старосна пензија од причина што има стаж од 41 година 8 месеци и 17 дена или бенефициран стаж од 12 години 8 месеци и 20 дена, со што иститот смета дека старосната граница е намалена за 2 години 4 месеци и 3 дена и дека услови за старосна пензија има исполнето на 02.04.2023 година. Истакна дека според наведеното од страна на јавниот обвинител бара да му биде констатиран престанок на функција јавен обвинител согласно чл.47, а не по чл.44 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, а тоа е кога се исполнети услови за старосна пензија. Воедно кажа дека доставен е уште еден допис до

Советот како појаснување на неговото барање со приложени закони од ПИОМ. Кажа дека јавниот обвинител бара работниот однос да му престане на 31.01.2025 година. Претседателот на Советот г-га Душица Димитриеска отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Кецевски кажа дека со Законот за пензиско и инвалидско осигурување се признава бенифициран стаж, но кажа дека со Законот за јавното обвинителство предвиден услов е навршување на 64 години. Истакна дека едно е работен стаж, а друго е старосна пензија.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека по законот по кој што бара колегата е lex specialis, Советот може да констатира само престанок и врз основа на тој закон да бара пензија, но смета дека Советот може да постапува согласно Законот за Јавното обвинителтсво и Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ.

Г-дин Ермон Незири истакна дека согласно Законот обврска на Советот е да ги пензионира јавните обвинители кога ќе навршат 64 години за мажи и 62 години за жени. Кажа дека согласно Законот за Јавното обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ не се оди согласно години на стаж, туку согласно исполнување на услови за старосна пензија.

Од страна на членовите на Советот беше одлучено да се разгледа ова барање и на наредна седница на Советот да се донесе одлука како Советот ќе постапи по барањето на јавниот обвинител Расим Дреца.

Откако никој не зема збор под точка разно претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи четиринаесеттата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**